Комерцијална банка

# Известување во врска со објавена информација на порталот www.faktor.mk

Во врска со објавените написи на 22.02.2024 година, на интернет порталот www.faktor.mk, а во кои се наведуваат неофицијални информации за износот на дивидендата за 2023 година којашто ќе биде предложена за исплата на Годишното собрание на акционери, Комерцијална банка АД Скопје известува дека Надзорниот одбор на Банката на седницата одржана на 20.02.2024 година ги утврди материјалите кои ќе бидат предмет на разгледување и усвојување на претстојната седница на Собранието на акционери, помеѓу кои ќе бидат и Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2023 година и Предлог-одлуката за определување на износот на дивидендата и датумите на исплата на дивиденда за 2023 година. Сите материјали за претстојното Собрание на акционери на Комерцијална банка АД Скопје, вклучувајќи ги и овие точки, согласно законските прописи ќе бидат објавени во најмалку еден дневен весник, преку СЕИ Нет системот на Берзата и на интернет страната на Банката во петок на 23.02.2024 година, пред почеток на тргувањето на Берзата. Пошироката инвеститорска јавност своите оцени околу инвестирањето би требало да ги базира само врз основа на официјални податоци кои Комерцијална банка АД Скопје како една од најтранспарентните компании ги објавува до Берзата и до пошироката јавност и заради тоа Банката нема да ги коментира разните шпекулации кои се објавуваат преку разни медиуми и портали.

Скопје, 22.02.2024 година